РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште "СТЕФАН ГАЈДОВ"
Бр. 01-312/1
07-07 2026 год.
В Е Л Е С

ОПШТИНСКО ОСНОВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ
„СТЕФАН ГАЈДОВ"
ВЕЛЕС

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
на
ООМУ„СТЕФАН ГАЈДОВ" ВЕЛЕС
ЗА УЧЕБНАТА 2026/27 ГОДИНА



Датум

04.07.2026

Преамбула

Врз основа на член 49 став (6) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19), министерот за образование и наука донесе форма и содржина на ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА.

Содржина

Вовед

1.Општи податоци за основното училиште

1.1.Табела со општи податоци

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште

2.2. Податоци за училиштниот простор

2.3. Простор

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

2.5. Податоци за училишната библиотека

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

3.2. Податоци за раководните лица

3.3. Податоци за воспитувачите

3.4. Податоци за вработените административни службеници

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

3. Материјално-финансиско работење на основното училиште

4. Мисија и визија

5. Веќе научено/стекнати искуства

6. Подрачја на промени, приоритети и цели
7.1. План за евалуација на акциските планови

7. Програми и организација на работата во основното училиште
8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште
8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите
8.3. Работа во смени
8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата
8.5. Проширена програма
8.6. Комбинирани паралелки
8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
8.9. Изборна настава
8.10. Дополнителна настава
8.11. Додатна настава
8.12. Работа со надарени и талентирани ученици
8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби
8.14. Туторска поддршка на учениците
8.15. План на образовниот медијатор

8. Воннаставни активности
9.1. Училиштни спортски клубови
9.2. Акции

10. Ученичко организирање и учество

11. Вонучилишни активности
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

12. Натпревари за учениците

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

15. Поддршка на учениците
15.1. Постигнување на учениците
15.2. Професионална ориентација на учениците
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од

злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

16. Оценување
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
16.4.Самоевалуација на училиштето

17.Безбедност во училиштето

18. Грижа за здравјето
18.1. Хигиена во училиштето
18.2. Систематски прегледи
18.3. Вакцинирање
18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

19. Училишна клима
19.1. Дисциплина
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
19.3. Етички кодекси
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите
20.2. Активности за професионален развој
20.3. Личен професионален развој
20.4. Хоризонтално учење
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

21.3. Едукација на родителите/старателите
22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште
23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште
24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште
25. Заклучок

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште
27. Користена литература

Вовед

Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ – Велес се наоѓа во месноста Дворови, во централното градско подрачје. Училиштето е јавна воспитно-образовна установа во која се реализира основно музичко образование за ученици од прво до деветто одделение од Општина Велес и поширокиот регион.

Воспитно-образовната работа се реализира согласно наставните програми за основно музичко образование, преку индивидуална и групна настава. Наставниот кадар го сочинуваат 11 наставници и 1 стручен соработник – корепетитор. Организацијата и реализацијата на воспитно-образовниот процес се одвиваат во согласност со програмските содржини утврдени во Годишната програма за работа на училиштето.

Учебната 2026/2027 година започнува на 1 септември 2026 година. Во текот на мај 2026 година училиштето организираше приемен испит за запишување нови ученици. За информирање на јавноста и промоција на уписите беа користени социјалните мрежи на училиштето, објави во медиумите, како и промотивни посети на основните училишта и детските градинки во опкружувањето, при што беа организирани музички настапи и беа дистрибуирани флаери и информативни програмчиња.

Приемот на новите ученици се реализира преку проверка на музичките способности, која опфаќа тестирање на слухот, чувството за ритам и музичката меморија. Оваа учебна година училиштето запиша задоволителен број нови ученици, што претставува потврда за интересот на учениците и родителите за музичкото образование.

При изработката на Годишната програма за работа, наставниците користеа релевантни документи и материјали од работењето на училиштето, како што се наставните програми од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, годишните извештаи, самоевалуацијата на училиштето, Развојниот план, записниците од стручните органи и други документи.

Сите планирани активности во училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, надградување на веќе реализираните содржини, постигнување подобри резултати на ниво на училиште и усогласување на работењето со важечките законски прописи и современите образовни стандарди.

1.Општи податоци за основнотоучилиште

1.1.Табела со општи податоци

Податоци	
Име на основното училиште	ООМУ„Стефан Гајдов“
Адреса, место, општина	Ул.Благој Нечев бр.8 Велес
Телефон	076278191
Факс	/
Веб-страница	stefangajdov.wixsite.com/uciliste
Е-маил	stefangajdov@yahoo.com
Основано од..	1946 год.
Верификација-број на актот	14.06.1993 – 1776/3
Година на изградба	1936 год.
Тип на градба	Тврда
Внатрешна површина на училиштето (m2)	540 m2
Училиштен двор (m2)	374 м2
Површина на спортски терени и игралишта	/
Начин на загревање на училиштето	парно
Училиштето работи во смени	2
Број на паралелки	20
Број на комбинирани паралелки	4
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	/
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	/
Во основното училиште има ресурсен центар	/
Други податоци карактеристични за основното училиште	/


1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

Членови на училишен одбор (име и презиме)	Игор Андреевски, Елена Ѓоргиевска, Роска Чукниева – од наставниците Билјана Кулеџиовска– од основачот Мирјана Пановска, Наташа Вишинова, Бошко Караџов- од родителите
Членови на советот на родители (име и презиме)	Мирјана Пановска, Наташа Вишинова, Бошко Караџов, Лепа Јовановска, Загорка Ивановска, Гордана Иванова, Методија Петревски, Лидија Мирчевска, Емилија Маневска, Катерина Радевска
Стручни активи (видови)	Илија Настовски – пијано Татјана Алексова- солфеж и теорија на музиката Елена Ѓоргиевска – гудачки и жичани инструменти Трајче Малинов – Дувачки и традициски инструменти
Одделенски совети (број на наставници)	11
Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме)	Татјана Алексова Илија Настовски Јованче Банев
Заедница на паралелката (број на ученици)	11
Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)	9 ученика -Софија Алексовска- претседател
Ученички правобранител	Ива Бабуновска

- **Податоци за условите за работа на основното училиште**

2.1. Мапа на основнотоучилиште





2.2. Податоци за училиштниот простор

Вкупен број на училишни згради	1
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	914 м2
Нето површина	540м2
Број на спортски терени	/
Број на катови	2+1
Број на училници	11
Број на помошни простории	1
Училишна библиотека, медијатека	/
Начин на загревање на училиштето	парно

2.3. Простор

Просторија	**Вкупен број**	**Површина (m2)**	**Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од2019 година)**	**Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)**
Училници	2	36	5	
Кабинети	9	468	5	
Библиотека	/			
Медијатека	/			
Читална	/			
Спортска сала	/			

Канцеларии	2	32	5	
Училиштен двор	1		5	
Заеднички простор за прослави	/		/	
Кујна	/		/	
Трпезарија	/		/	
Друго	/		/	

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства

Наставен предмет (одделенска и предметна настава)	**Постоечка опрема и наставни средства**	**Потребна опрема и наставни средства**
Солфеж со теорија на музиката	Табла, две концертни пијана, смарт тв, музички систем, стручна литература, нагледни средства, ученички клупи и столчиња, климатизер, лап топ компјутери.	
Пијано	Кабинети опремени со две пијана, клавирски столчиња, катедри, шкафови за наставници, нагледнисредства, лап топ компјутер.	Репроматеријали
Виолина	Виолини според потребите на учениците, пијано, клавирски столчиња, катедри, шкафови за наставници,нагледни средства, пултеви, лап топ компјутер.	
Виолончело	Виолончела според потребите на учениците пијано, клавирски столчиња, катедри, шкафови за наставници, нагледни средства, пултеви, лап топ компјутер.	
Кларинет	Кларинети според потребите на учениците пијано, клавирски столчиња, катедри, шкафови за наставници, нагледни средства, пултеви, лап топ компјутер.	

Класична гитара	Гитари според потребите на учениците пијано, клавирски столчиња, катедри, шкафови за наставници,нагледни средства, пултеви, литература.	
Традициски инструменти	Народни инструменти според потребите на учениците, пултеви, литература.	

2.5. Податоци за училишната библиотека

Ред.број	Библиотечен фонд	Количество

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Што се преуредува или обновува	Површина во m^2	Намена
Скалишен простор на зградата	110м2	

- **Податоци за вработените и за учениците во основнотоучилиште**

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовнатаработа

Ред. бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1	Илија Настовски	1985	Наставник ментор (советник)	VII/2	Наставн ик по пијано	ментор	17
2	Јованче Банев	1990	наставник	VII/1	Наставн ик по пијано	/	10
3	Филип Величковски	1993	наставник	VII/1	Наставн ик по гитара	/	10
4	Роска Чукниева	1963	наставник	VI/1	Наставн ик по виолина	/	34
5	Елена Ѓоргиевска	1991	наставник	VII/2	Наставн ик по виолина	/	12
6	Славица Ставрева	1971	наставник	VII/1	Наставн ик по солфеж со елемент арна теорија на музиката	/	32
7	Татјана Алексова	1969	наставник	VII/1	Наставник по солфеж и теорија на музиката	/	33
8	Златко Андреев	1963	наставник	VII/1	Наставн ик по кларинет	/	39
9	Габриела Бачманова	1979	наставник	VII/1	Наставник по пијано	/	21
10	Игор Андреевски	1998	Стручен соработник - корепетитор	VII/2	Стручен соработник - корепетитор	/	5
11	Трајче Малинов	1973	наставник	VII/2	Наставник по традициски народни инструменти	/	18
12	Мила Стојковиќ	1996	наставник	VII/1	Наставник по виолончело	/	3

3.2. Податоци за раководните лица

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1	Благој Каракачанов	1968	Проф.	VII/1	Директор	/	30

3.3. Податоци за воспитувачите

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж

3.4. Податоци за вработените административни службеници

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1	Лилјана Вишинова	1972	Дипл. Еконо мист	VII/1	Секретар	34

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1		1989	/	Основно	хигиеничар	4
2		1971	/	ССС	Хаус мајстор	30

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

Ред. број	Име и презиме на образовниот медијатор	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Години на стаж	Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Кадар	вкупно	Етничка и полова структура на вработените											
		Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	16	8	8										
Број на наставен кадар	11	6	5										
Број на воспитувачи	/												
Број на стручни соработници	1	1											
Администра-тивни работници	1		1										
Помошно-технички кадар	2	1	1										
Директор	1		1										
Помошник директор	/												
Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)	/												

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Последипломски студии-втор циклус	4
Високо образование	9
Виша стручна спрема	1
Средно образование	1
Основно образование	1

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

Години	Број на вработени
20-30	3
31-40	4
41-50	1
51-60	6
61 - пензија	2

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Одделение	Македонски јазик		Албански јазик		Босански јазик		Турскијазик		Вкупно	
	Се	ж	се	ж	се	ж	се	ж	се	ж
I1,I2,I3	32	13							32	13
I-II6 (комбинирана)	7	5							7	5
II1, II2, II3, II4	41	24							41	24
III1, III2, III3	25	13							25	13
III-IV6 (комбинирана)	8	2							8	2
IV1, IV2, IV3	20	12							20	12
V	13	8							13	8
V-VI6 (комбинирана)	8	3							8	3
VI – VII (комбинирана)	8	7							8	7
VIII	8	6							8	6
IX (комбинирана)	8	5							8	5
I - IX	187	102							187	102

4.Материјално-финансиско работење на основното училиште

Училиштето работи со пет сметки од кои сметката 711010792760314 е строго наменска и се користи за материјални трошоци утврдени со посебни договори како што се: осигурување на училчишната зграда и основните средства, систематски прегледи на вработените како и други трошоци за санитарна и здравствена заштита.

За вршење на основната дејност на училиштето, исплата на платите на вработените, буџетот на РСМ оваа дејност ја финансира преку сметката 711010792790316. И во оваа сметка паричните средства се строго наменски со однапред утврден финансов план. Третата сметка со која располага училиштето е сметката на сопствени приходи 711010792778711 и сметката

160010792760310 е сметка која се користи за добиени средства од министерството за образование инаука.

За добиениот проект од ЕРАЗМУС програмата се отворени донаторски сметки 711010792778529и711010792778533кои ќе послужат за непречено финансирање на проектите.

5.Мисија и визија

Мисија Преку интензивна соработка со учениците, нивните семејства и локалната заедница, создаваме можности за развој на музичката култура , поттикнувајќи креативност и уметничка изразеност. Нашата цел е да го негуваме талентот и љубовта кон музиката, создавајќи нови генерации музички уметници кои активно ќе придонесуваат за унапредување на културната сцена и богатството на музичкото наследство на државата.

Визија Да ја користиме музиката како средство за социјализација, создавајќи средина која го поттикнува интелектуалниот развој и чувства на сигурност кај младите. Веруваме дека музиката ја гради рамнотежата и ја зголемува емоционалната благосостојба на учениците.

Мото -



Лого



6. Веќе научено/стекнати искуства

Преку различни обуки, семинари и работилници, активно се работеше на зголемување на професионалните компетенции на наставниците, со цел да се обезбеди висококвалитетно образование и да се задоволат потребите на учениците. Овој процес на стручно усовршување е дел од нашата долгорочна стратегија за постигнување на извонрендност во наставата, како и за создавање мотивирани наставници кои ќе може да се справат со предизвиците на современото образование и да им пружи најдобри можности на нашите ученици. Во изминатата учебна година, училиштето посвети посебно внимание на потребата од континуирано усовршување на наставниот кадар.

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Приоритетно подрачје	Зголемено учество на државни и меѓународни натпревари на учениците 2026-2027				
<u>Стратешка цел 1.</u> Подигнување на свеста кај родителите за поттик на своите деца да настапуваат на јавни настапи. Развојна цел 1.1. Директно учество на родителите во избор на натпревари Развојна цел 1.2. поддршка од страна на наставниот кадар до родителите и учениците					
Конкретна цел 1.1.1 Поддршка од родителите на своите деца за учество на јавните настапи и натпревари.					
Активности Одржување на консултативни состаноци со родителите најмалку еднаш месечно.	**Индикатори за успех** Добивање на повратна информација и ангажман на родителите со присуство на јавни настапи	**Носители на активностите** Наставниците, Родителите, Стручни активи	**Временска рамка за имплементација** Септември - Август	**Потребни ресурси** различни извори за споделување на информација наставник-родител	**Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** Наставници – класни раководители, совет на родители, директор

7.1. План за евалуација на акцискитепланови

Приоритетно подрачје	Зголемено учество на државни и меѓународни натпревари на учениците 2026-2027

<u>Стратешка цел 1.</u> Подигнување на свеста кај родителите за поттик на своите деца да настапуваат на јавни настапи.
Развојна цел 1.1. Директно учество на родителите во избор на натпревари
Развојна цел 1.2. поддршка од страна на наставниот кадар до родителите и учениците

Конкретна цел 1.1.1
Поддршка од родителите на своите деца за учество на јавните настапи и натпревари.


Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**
Одржување на консултативни состаноци со родителите најмалку еднаш месечно.	Добивање на повратна информација и ангажман на родителите со присуство на јавни настапи	Наставниците, Родителите, Стручни активи	Септември - Август	различни извори за споделување на информација наставник-родител	Наставници – класни раководители, совет на родители, директор

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**
Свикување на најмалку 4 родителски средби во текот на учебната година, индивидуални родителски средби по потреба.	Добивање на повратна информација и ангажман на родителите преку присуство на родителските средби.	Наставниците Стручните активи Наставнички совет	Тековно	различни извори за споделување на информација	Наставници – класни раководители, совет на родители, директор

Приоритетни подрачја за следење	**Начин и време на следење**	**Одговорно/ни лице/а**	**Кој треба да биде информиран за следењето**
Одржување на консултативни состаноци со родителите најмалку еднаш месечно.	Листа за присуство, записник од одржани родителски средби, педагошка евиденција. Се следи во текот на учебната година по класификациони периоди.	Наставници – класни раководители, совет на родители, директор	Директор, наставнички совет, совет на родители.

8.Програми и организација на работата во основното училиште

8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште



КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ЗА УЧЕБНАТА 2026- 2027

прво полугодие

	СЕПТЕМВРИ					ОКТОМВРИ				НОЕМВРИ					ДЕКЕМВРИ					ВКУПНО
бр. раб.недела	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13		14	15	16	17	18	
ПОНЕДЕЛНИК		7	14	21	28	5	12	19	26	2	9	16	23	30		7	14	21	28	16
ВТОРНИК	1	8	15	22	29	6	13	20	27	3	10	17	24		1	8	15	22	29	16
СРЕДА	2	9	16	23	30	7	14	21	28	4	11	18	25		2	9	16	23	30	18
ЧЕТВРТОК	3	10	17	24		1	8	15	22	29	5	12	19	26		3	10	17	24	17
ПЕТОК	4	11	18	25		2	9	16	23	30	6	13	20	27		4	11	18	25	16
РАБ. ДЕНОВИ	21					20					21					22				83

ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

	ЈАНУАРИ		ФЕВРУАРИ				МАРТ					АПРИЛ					МАЈ					ЈУНИ		ВКУПНО
бр. раб.недела	19	20	21	22	23	24	25	26	27	28	29		30	31	32	33	34	35	36	37		38	39	
ПОНЕДЕЛНИК		25	1	8	15	22	1	8	15	22	29		5	12	19	26	3	10	17	24	31		7	18
ВТОРНИК		26	2	9	16	23	2	9	16	23	30		6	13	20	27	4	11	18	25		1	8	19
СРЕДА		27	3	10	17	24	3	10	17	24	31		7	14	21	28	5	12	19	26		2	9	20
ЧЕТВРТОК	21	28	4	11	18	25	4	11	18	25		1	8	15	22	29	6	13	20	27		3	10	21
ПЕТОК	22	29	5	12	19	26	5	12	19	26		2	9	16	23	30	7	14	21	28		4		19
РАБ. ДЕНОВИ	8		20				22					21					19					8		97

24 април ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА УЧИЛИШТЕТО

НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ државни празници

8 септ.	ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА НА РМ
11/ 12 окт.	ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ
23 Окт.	ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА
8 дек.	СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
9 Март	РАМАЗАН БАЈРАМ
30 Април	ВЕЛИКИ ПЕТОК
3 мај	ВЕЛИГДЕН
24 мај	ДЕН НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ

вкупно раб. денови во 2026-2027	
прво полугодие	83
второ полугодие	97
понеделник	34
вторник	35
среда	38
четврток	38
петок	35
вкупно	180

8.2.Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар,

распоред на часовите

Поделба на класно раководство и поделба на часови на наставниот кадар		
Татјана Алексова	22	Класен раководител
Славица Ставрева	22	Класен раководител
Роска Чукниева	22	Класен раководител
Елена Ѓеоргиевска	22	Класен раководител
Илија Настовски	22	Класен раководител
Златко Андреев	20	Класен раководител
Габриела Бачманова	22	Класен раководител
Јованче Банев	22	Класен раководител
Трајче Малинов	20	Класен раководител
Филип Величковски	20	Класен раководител
Замена за директор	20	Класен раководител
Игор Андреевски	20	/

ПОНЕДЕЛНИК	ВТОРНИК	СРЕДА	ЧЕТВРТОК	ПЕТОК
1.13.00 одд-одд 2.13.45 I9 - VIII 3.14.45 II9 - VIII 4.15.30 II9 - IV9 5.16.15 I9 - V9 6.17.00 III9 - VIII-IX	1.07.30 III9 - / 2.08.15 I9 - IV9 3.09-15 II9 - VII 4.10.00 I9 - VII 5.10.45 II9 -V-VI6 6.11.30 I-II6 - /	1.13.00 додат.додат 2.13.45 I-II6- VI-VII 3.14.45 II9- VI-VII 4.15.30 III9- V9 5.16.15 I9 -VIII-IX 6.17.00 III9 -VIII-IX	1.07.30 III9 - / 2.08.15 I9 - IV9 3.09.15 II9 - VII 4.10.00 I9 -V-VI6 5.10.45 II9 -V-VI6 6.11.30 I-II6- /	1.13.30 допол - / 2.13.45 I9 -VIII 3.14.45 II9 –VI-VII 4.15.30 III9 – IV9 5.16.15 хор - допол 6.17.00 хор - /
ПОНЕДЕЛНИК	ВТОРНИК	СРЕДА	ЧЕТВРТОК	ПЕТОК
1.13.00 одд-одд 2.13.45 I9 - VIII 3.14.45 II9 - VIII 4.15.30 II9 - IV9 5.16.15 I9 - V9 6.17.00 III9 - VIII-IX	1.07.30 III9 - / 2.08.15 I9 - IV9 3.09-15 II9 - VII 4.10.00 I9 - VII 5.10.45 II9 -V-VI6 6.11.30 I-II6 - /	1.13.00 додат.додат 2.13.45 I-II6- VI-VII 3.14.45 II9- VI-VII 4.15.30 III9- V9 5.16.15 I9 -VIII-IX 6.17.00 III9 -VIII-IX	1.07.30 III9 - / 2.08.15 I9 - IV9 3.09.15 II9 - VII 4.10.00 I9 -V-VI6 5.10.45 II9 -V-VI6 6.11.30 I-II6- /	1.13.30 допол - / 2.13.45 I9 -VIII 3.14.45 II9 –VI-VII 4.15.30 III9 – IV9 5.16.15 хор - допол 6.17.00 хор - /

8.3. Работа во смени

Во училиштето наставата се изведува во две смени и тоа :
-предпладневна настава со почеток од 07:30 часот – 13 : 30 часот
-попладневна настава со почеток од 13:00 часот – 19:00 часот.

Наставата се изведува во 11 кабинета од кои два се класични за групна настава и девет специјализирани за индивидуална настава.

Наставата се изведува на Македонски наставен јазик.

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	**Албански јазик**	**Турски јазик**	**Српски јазик**	**Босански јазик**
Број на паралелки	20				
Број на ученици	187				
Број на наставници	12				

8.5 Проширена програма

Според програмите за додатна настава, дополнителна настава, воннаставни активности, слободни ученички активности, програмата за ученички натпревари и програмата за јавни настапи на училиштето ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес опфаќа и реализира проширена програма.

8.6. Комбинирани паралелки

Во недостиг на потребен број на ученици, при намалување на бројот на учениците наставата се организира комбинирано со спојување на групи од различни возрасти според наставните планови и програми за музички училишта. Во нашето училиште има пет комбинирани паралелки.

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

8.9. Изборна настава

Во деветгодишното и шестгодишното основно музичко образование, учениците според наставните планови имаат изборни предмети – хор и училишен оркестар.

Целта на наставата по предметите хор и училишен оркестар е на учениците да им се развие љубовта кон заедничко музицирање во поголем состав. Оркестарот на училиштето се формира на почетокот од учебната година и е претставен во јавните настапи на училиштето, за новогодишниот и патрониот концерт.

8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава е законска обврска да се организира за ученици кои заостануваат со совладување на наставните содржини. Истата во училиштето се организира редовно според распоредот за групна и индивидуална настава.

8.11. Додатна настава

Во училиштето посебна важност се придава на додатната настава бидејќи во училиштето има ученици кои што се посебно музички надарени и кои учествуваат на државни и меѓународни натпревари. Наставата се организира редовно според предвидениот распоред на часови за групна и индивидуална настава.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Поради посебноста на наставната програма за музичките училишта во кои наставниот кадар држи индивидуални часови секој наставник работи со посебно талентираните ученици. Спрема напредокот на учениците

наставниците изработуваат индивидуализирани програми за посебно талентирани ученици.

8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во нашето училиште постои еден ученик со посебни образовни потреби за кој оваа учебна година ќе биде изработена посебна програма за работа според дадените насоки од МКФ. Родителите ја имаат класификацијата доставено до училиштето и тимот за инклузија е должен во законскиот рок да даде програма соодветна за ученикот според насоките од МКФ.

8.14. Туторска поддршка на учениците

8.15 План на образовниот медијатор

9.Воннаставни активности

Целокупната организација и реализирање на работата во училиштето се остварува со програмски содржини предвидени во годишната програма за работа на училиштето. За непристрасно и објективно оценување голем придонес имаат и родителите кои со взаемна комуникација со наставниците придонесуваат за целокупниот успех на учениците.

Вон наставните активности училиштето ги организира преку одржување на повеќе јавни настапи за потребите на градот и други настапи кои не се вклучени во планот и програмата на училиштето.

9.1. Слободни ученички активности

Слободните ученички активности училиштето ги реализира на начин што учениците учествуваат во разни манифестации организирани надвор од програмата за јавни настапи. Во училиштето учениците не се задржуваат повеќе од 7 часа неделно, како што е предвидено во наставната програма, кои се законски лимитиран број на часови во училиштето.

10.Ученичко организирање и учество

Во ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес постојат ученички парламент, ученичка заедница и ученички правобранител. Сите структури функционираат независно.

11.Вонучилишни активности

Училиштето организира посета со учениците на концерти

организирани од Филхармонија, Опера и балет, Факултетите за музичка уметност, средните музички училишта и други реномирани настани.

12.Натпревари за учениците

Во текот на учебната година се одржуваат државен и повеќе меѓународни натпревари на кои што земаме учество со голем број на ученици. На истите учениците се високо рангирани и наградени.

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Во училиштето се школуваат ученици од македонска и друга националност и не постои ограничување и деградирање во поглед на национална и етничка припадност. Се школуваат ученици од целата општина , а прифаќаме и ученици од соседните општини. Во училиштето наставата се одвива на Македонски јазик и најмногубројни се Македонците. Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен етнички идентитет од нашиот, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на музичката култура,редот, мирот, сожителството, културното наследство итрадицијата.

14.Проекти што се реализираат во основнотоучилиште

ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес тековно реализира проекти, кои придонесуваат за тековно работење на училиштето, но и обнова на инструментите и резервни делови за истите. Во соработка со Општина Велес ќе работи на изнаоѓање решение за концертна сала на училиштето.

15.Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Постигнувањата на учениците се прикажани во табела на извештајот на училиштето каде се изложени постигнувањата на учениците преку континуирано следење на напредокот и работата со посебен осврт на одржаните музички натпревари.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Во зависност од покажаните афинитети на учениците, наставниците ги усмеруваат кон професионално ориентирање и насочување во понатамошното школување.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

ООМУ„Стефан Гајдов “ работи во две смени , но и покрај тоа не е забележано насилство во досегашниот период.

Работењето во основното музичко училиште се изведува во индивидуална и групна настава, но не постои поголемо групирање на ученици. Наставниците постојано водат грижа за редот и дисциплината во училиштето. При најмало нарушување на редот се организираат вонредни дежурства од сите вработени во училиштето.По одржаните состаноци на вработените и директорот општ е заклучокот дека нема нарушување на јавниот ред и дисциплина на учениците. Кога не се воведуваат дежурства од страна на вработените редот и дисциплината во училишната зграда ги одржува техничкиот персонал.

Соработката со родителите во однос на дисциплината на учениците е редовна така што при настаната и најмала не дисциплина истите се опоменуваат.Училиштето и понатаму останува отворена установа за посета на сите заинтересирани граѓани. Своите концерти училиштето ги држи во училишната сала и пред секој настап во организација на училиштето училишната сала е посебно преуредена.Се врши увид и контрола на пристапноста на надворешни лица.

16.Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Наставните програми за основното музичко образование предвидуваат следење и вреднување на постигањата и поведението на учениците по класификациони периоди. Наставниците изработуваат дневни, неделни и годишни планирања, кои се водат во електронска форма. Воспитно-образовната работа се реализира согласно важечките правилници и утврдените критериуми за оценување на учениците.

Постигањата на учениците редовно се евидентираат во евидентните листови и во индивидуалното досие на секој ученик. По завршувањето на учебната година, учениците добиваат свидетелство со оценки за успехот и поведението.

За следење на напредокот на учениците и за навремено информирање на родителите, училиштето организира редовни и вонредни родителски средби. По потреба се реализираат и индивидуални или групни средби со родителите, со цел заедничко надминување на евентуалните потешкотии и поддршка на учениците во нивниот развој.

На крајот од учебната година училиштето организира годишни испити по сите наставни предмети, согласно наставниот план и програма. Учениците кои посетуваат индивидуална настава се оценуваат континуирано, а оценките се евидентираат месечно во дневникот за индивидуална настава.

За учениците кои, од оправдани причини, не биле оценети во редовниот испитен рок, училиштето организира дополнителни испитни рокови во јуни и август, во согласност со законските прописи и интерните акти на училиштето.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

- Во училиштето функционираат наставник-ментор (советник), стручни активи кои преку континуирана меѓусебна соработка придонесуваат за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во своето работење тие се раководат од наставните програми, разменуваат професионални искуства, предлагаат нови содржини и современи пристапи во наставата и активно ги поддржуваат сите активности насочени кон подобрување на постигањата на учениците.
- Следењето на успехот на учениците се реализира континуирано во текот на целата учебна година, преку редовно оценување, анализа на постигањата и преземање соодветни мерки за нивно понатамошно напредување. Врз основа на извршените анализи, може да се констатира дека училиштето континуирано одржува висок просечен успех на учениците, што претставува показател за квалитетот на воспитно-образовната работа.
- Анализите, исто така, покажуваат висока застапеност на учениците во јавните настапи и концертите предвидени со Годишната програма за работа на училиштето, како и на културни манифестации организирани од локалната самоуправа и други институции. Големиот интерес и посетеност од страна на публиката претставуваат потврда за успешната работа и афирмацијата на училиштето во локалната заедница.
- Преку воспоставената соработка со музички здруженија, музички училишта и други културно-образовни институции во државата и странство, наставниот кадар и раководството на училиштето им обезбедуваат континуирана поддршка на учениците, создавајќи можности за нивна афирмација, развој на музичките таленти и успешно претставување на училиштето на концерти, фестивали, натпревари и други јавни настапи.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар

Во училиштето нема стручна педагошко – психолошка служба,а за следење и вреднување на работата на наставниот кадар е задолжен наставникот ментор (советник), директорот на училиштето, БРО, советник за образование од општината и ДПИ.

16.4. Самоевалуација научилиштето

Секоја учебна година училиштето ги користи содржините од спроведената самоевалуација за изминатите учебни години и се стреми за нивно подобрување. Наставниот кадар заедно со раководниот орган работи на зголемување и збогатување на стручна музичка литература за наставниците и административниоткадар, афирмација на училиштето преку јавни настапи и промоција преку електронски медиуми и директни посети со презентација на инструментите по основните училишта и градинки во градот.

17.Безбедност во училиштето

Училиштето располага со изработен План за евакуација во случај на елементарни непогоди, План за заштита од пожари и поплави, како и јасно означени евакуациски патеки и излези за безбедно движење во вонредни ситуации. Дел од вработените имаат завршено обука за противпожарна заштита и постапување во случај на опасност.

Опремата за противпожарна заштита редовно се сервисира и одржува согласно законските прописи, а громобранската инсталација се проверува во утврдени временски интервали. Осветлувањето во училишната зграда е функционално и обезбедува безбедни услови за работа и движење на учениците и вработените. Училиштето располага со два влеза, кои овозможуваат непречен пристап и безбедна евакуација доколку тоа е потребно.

Со редовното одржување на објектот, превентивните мерки и почитувањето на безбедносните процедури, училиштето обезбедува сигурна и безбедна средина за реализација на воспитно-образовниот процес.

18.Грижа заздравјето

18.1. Хигиена воучилиштето

- За почетокот на учебната година, училиштето спроведе хигиено-технички активности како уредување на дворната површина со чистење на дворниот простор на училишната зграда.Поради краткиот престој на учениците во училиштето и ангажираност во матичните училишта наставниците во соработка со родителите навремено се информираат околу здравствената состојба на учениците и секоја настаната промена кај здравјето на учениците взаемно ја разрешуваат.

18.2. Систематски прегледи

Пред почетокот на учебната година, наставниците ќе имаат санитарен и систематски преглед, додека учениците ги вршат своите систематски прегледи во матичните училишта.

19.Училишна клима

19.1. Дисциплина

Наставниот кадар и техничката служба во училиштето водат грижа и контрола за дисциплината на учениците во ходниците, училниците, санитарните јазли и училишниот двор во текот на целото работно време на училиштето. Училиштето има кодекси за однесување на учениците и вработените. Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал, родители), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

Дисциплината е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: кодекс за однесување на учениците, наставиците и родителите, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар (по потреба) во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот воучилиштето

Оваа година училиштето превзеде мерки за естетско уредување на изгледот на внатрешноста на училишната зграда .Учениците и вработените во училиштето придонесуваат со изработка на нагледни средства (хамери, слики,паноа, табли за известување и сл.) наставниците градат одговорен однос кон инвентарот, техничката опрема, инструментите во кабинетите , зеленилото и цветните аранжмани во училишниот двор,а техничкиот перонал се грижи за хигиената во санитарните јазли и училишната зграда.

19.3.Етички кодекси

Во училиштето јавно е истакнат етички кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и вработените и сите субјекти се придржуваат кон истиот. Етичкиот кодекс претставува важен сегмент за животот и културата во училиштето и се прилагодува спрема потребите на училиштето.

Во училиштето постои Еко-кодекс- кој ги опфаќа сите важни сегменти од еко програмата изработена од еко одборот и наставниците.

19.4. Односи меѓу сите структури воучилиштето

Општата клима во училиштето е добра, што покажуваат анкетите во прашалниците за наставниците.Вработените во училиштето градат и негуваат добри меѓучовечки односи, се состаниуваат и комуницираат тековно,а училиштето организира повремени излети чија цел е подигнување на нивото и квалитетот на меѓусебнатакомуникација.

20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниоткадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

- Училиштето континуирано создава услови за професионален развој на наставниот кадар преку активности кои овозможуваат активно, искуствено и доживотно учење во различни средини за учење. Наставниците имаат можност да ги надградуваат своите знаења и вештини преку учество на обуки, семинари, работилници, вебинари, стручни состаноци и други форми на професионално усовршување.
- Во процесот на професионален развој се применуваат разновидни стратегии за учење, кои вклучуваат директна настава, дискусии, размена на искуства и добри практики, тимска соработка, како и користење на современи дигитални алатки и онлајн ресурси. Ваквиот пристап придонесува за континуирано унапредување на наставната практика и квалитетот на воспитно-образовниот процес.
- Училиштето ги поттикнува наставниците да ја преземаат улогата на ментори, тутори и водичи во процесот на учење, насочувајќи ги учениците кон активно стекнување знаења, развивање на критичко мислење и самостојно учење. На тој начин наставниците не се само пренесувачи на информации, туку активни поддржувачи на целокупниот развој на учениците.
- Посебно внимание се посветува на развивањето на компетенцијата „учење како да се учи“ (Learning to Learn), која подразбира поставување цели за учење, планирање и примена на соодветни стратегии, следење на сопствениот напредок и евалуација на постигнатите резултати. Ваквиот пристап овозможува поголема самостојност, флексибилност и континуитет во учењето, независно од времето и местото на неговата реализација.

20.2. Активности за професионален развој

- Во процесот на професионалниот развој на наставниот кадар се применуваат различни форми и методи на стручно усовршување, како што се подучување, советување, размена на професионални искуства, менторство и методско-дидактичко унапредување на наставната практика. Стручните активи континуирано работат на идентификување на потребите

за професионален развој на наставниците, планирање на активности и следење на нивната реализација.

- Во текот на учебната 2026/2027 година, професионалниот развој на наставниот кадар ќе се реализира согласно однапред утврдени приоритети, цели, задачи и активности. Посебен акцент ќе се стави на унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа, зајакнување на професионалните компетенции на наставниците, развивање на интерперсоналната комуникација во наставниот процес, како и на континуираното следење и вреднување на работата на наставниците од страна на директорот преку посети на часови, консултации, советувања и професионални разговори. Истовремено, ќе се поттикнува и ќе се унапредува соработката со родителите како значаен фактор во воспитно-образовниот процес.
- Училиштето планира активно учество на наставниците и другите вработени на акредитирани семинари, обуки, работилници, конференции и други форми на стручно усовршување од различни области, со цел континуирано подобрување на нивните професионални компетенции и примена на современи пристапи во наставата.

20.3. Личен професионален развој

- Секој наставник е обврзан да води План за личен и професионален развој, во кој ги планира и евидентира активностите поврзани со своето стручно усовршување и професионално напредување. Следењето на реализацијата на овој план го вршат наставникот-ментор, директорот на училиштето, општинскиот просветен инспектор, советниците од Бирото за развој на образованието (БРО) и Државниот просветен инспекторат (ДПИ), согласно нивните законски надлежности.
- Училиштето континуирано ги мотивира и ги поддржува наставниците активно да учествуваат на акредитирани семинари, обуки, конференции, стручни советувања, регионални средби и други форми на професионално усовршување. Преку овие активности наставниците стекнуваат нови знаења, вештини и компетенции, разменуваат професионални искуства, ги следат современите образовни трендови и обезбедуваат сертификати за континуиран професионален развој, што придонесува за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

20.4. Хоризонтално учење

- И во учебната 2026/2027 година, посебен акцент ќе биде ставен на хоризонталното учење како значаен сегмент од професионалниот развој на

наставниците. Целта е да се поттикне континуирана размена на професионални искуства, добри практики и современи наставни пристапи преку меѓусебна соработка, дискусии, заеднички анализи и споделување на стручни и едукативни материјали, вклучително и видео-содржини и други дигитални ресурси.

- Во училиштето се изготвени акциски планови кои произлегуваат од Годишната програма за работа, индивидуалните планови за професионален развој на наставниците и Развојниот план на училиштето. Во нив се утврдени приоритетите, целите, задачите и активностите насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.
- Реализацијата на планираните активности се одвива преку редовни состаноци на стручните активи, работни средби, консултации и други форми на професионална соработка. Наставниците активно разменуваат искуства и информации, спроведуваат дисеминација на стекнатите знаења од посетени семинари, обуки и конференции, споделуваат стручна литература и наставни материјали, како и примери на успешна наставна практика. Ваквиот начин на работа придонесува за јакнење на тимската соработка, развој на професионалните компетенции и континуирано подобрување на квалитетот на наставата.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Според законот за Основно образование и законот за наставниците и стручните соработници предвидено е кариерно напредување на наставниот кадар според бројноста на ученици и паралелки. Во нашето училиште од МОН е избран еден наставник во звање Ментор (советник). Програмата на музичките училишта се одвива со тимско работење на наставниот кадар и тоа преку организирање на концерти,натпревари и јавни настапи за потребите на локалната самоуправа и пошироко од типот на хуманитарни концерти, промоции на книги, одбележување на значајни датуми преку што наставниот кадар ќе ги развива своите професионални компетенции.

21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата научилиштето

Советот на родители по претходно изготвена програма за работа, ги детектира состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава сопствени идејни планови за организирање на активности во училиштето. Исто така Советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите даваат поддршка во олеснување на работата на наставниот кадар кај учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини. Тие разменуваат повеќе информации, помагаат на наставниот кадар за прибирање на одредени помагала и други наставни средства и се вклучени во професионалната ориентација на учениците.Родителите на учениците навремено се информирани за наставниот процес во училиштето преку континуирана соработка со советот на родители, училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар иучениците.

Интеракцијата меѓу семејствата и училиштето е на високо ниво кое резултура со голема поддршка за учество на натпревари во и надвор од државата, а исто така училиштето е отворено за разгледување и прифаќање сугестии и предлози со цел постигнување подобри резултати.Нашето училиште како културна установа со посебно значење за општината на повеќе манифестации со посебна важност за културниот развој на градот зема активно учество за подигнување на културата, а родителите на учениците со својата посета на нашите концерти даваат голем придонес и поддршка. Го зголемуваат интересот и ангажираноста како на своите деца така и на нивните наставници.Училиштето води посебна грижа за јавната презентација во повеќемедиуми.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето преку информатичките средства ги информира родителите за сите тековни збиднувања во училиштето, одржува индивидуални и групни консултативни и редовни родителски средби на кои се дискутира за успехот, поведението и развојот на учениците со цел да се постигне поголема мотивираност и резултати.

22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

- **Локална заедница**

Комуникацијата на училиштето со градоначалникот и советот на општината се остварува преку раководниот орган на училиштето, како и со членовите на УО. Нашето училиште соработува и со други јавни установи како што се ЛУ библиотека „Гоце Делчев“ Велес, НУ театар „Ј.Х.К.Џинот“, музејот на град Велес.

- Институции од областа на културата

Училиштето соработува со сите културни установи и образовни институции во градот и учествува на сите јавни настани, на покана, кои се во интерес на локалната заедница како настапи на изложби, промоции на книги, разни презентации, одбележување на значајни датуми како и нахуманитарни манифестации. Комуникацијата со локалната средина училиштето ја остварува взаемно преку електронски пат и други состаноци од заеднички интерес.

- Институции од областа на образованието

Училиштето има континуирана соработка со релевантни институции од областа на воспитно- образовната дејност преку посетување на семинари, обуки организирани од МОН и БРО. Соработката со МОН се остварува со редовни контроли од страна на просветните инспектори за воспитно-образовната работа на училиштето и педагошката евиденција идокументација.

- *Медиуми* (со цел на промоција на училиштето)

Во соработката со медиумите училиштето користи печатени, визуелни и електронски маркетинг услуги за снимање на концерти, промовира постигнати високи резултати, добиени награди од државни и меѓународни натпревари, известување за упис на нови ученици и општа афирмација на училиштето.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетно подрачје	Зголемено учество на државни и меѓународни натпревари на учениците 2026-2027

<u>Стратешка цел 1.</u> Подигнување на свеста кај родителите за поттик на своите деца да настапуваат на јавни настапи.

Развојна цел 1.1. Директно учество на родителите во избор на натпревари

Развојна цел 1.2. поддршка од страна на наставниот кадар до родителите и учениците

Конкретна цел 1.1.1

Поддршка од родителите на своите деца за учество на јавните настапи и натпревари.

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите**
Одржување на консултативни состаноци со родителите најмалку еднаш месечно.	Добивање на повратна информација и ангажман на родителите со присуство на јавни настапи	Наставниците, Родителите, Стручни активи	Септември - Август	различни извори за споделување на информација наставник-родител	Наставници – класни раководители, совет на родители, директор

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**
Свикување на најмалку 4 родителски средби во текот на учебната година, индивидуални родителски средби по потреба.	Добивање на повратна информација и ангажман на родителите преку присуство на родителските средби.	Наставниците Стручните активи Наставнички совет	Тековно	различни извори за споделување на информација	Наставници – класни раководители, совет на родители, директор

24. Евалуација на годишната програма за работата на основното училиште

Приоритетно подрачје	Зголемено учество на државни и меѓународни натпревари на учениците 2026-2027

<u>Стратешка цел 1.</u> Подигнување на свеста кај родителите за поттик на своите деца да настапуваат на јавни настапи.
Развојна цел 1.1. Директно учество на родителите во избор на натпревари
Развојна цел 1.2. поддршка од страна на наставниот кадар до родителите и учениците

Конкретна цел 1.1.1
Поддршка од родителите на своите деца за учество на јавните настапи и натпревари.

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите**
Одржување на консултативни состаноци со родителите најмалку еднаш месечно.	Добивање на повратна информација и ангажман на родителите со присуство на јавни настапи	Наставниците, Родителите, Стручни активи	Септември - Август	различни извори за споделување на информација наставник-родител	Наставници – класни раководители, совет на родители, директор

25.Заклучок

Согласно дополнувањата од законот за основно образование даден е нов тек на изработка на годишната програма за работа на училиштата. Врз основа на член 49 став (6) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19) , министерот за образование и наука донесе правилник за формата и содржината на годишната програма за работа која треба да содржи 24 подрачја кои ќе ја опишат содржината на истата. По добиените насоки од МОН за начинот на изработка на новите форми и содржини за работа на годишната програма Општинското Основно Музичко Училиште Стефан Гајдов од Велес формираше комисија за изработка. Комисијата е составена од 5 члена кои ја разгледаа и оформија концепцијата на годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/27 година, ги интегрираа развојното планирање, самоевалуацијата и годишниот извештај за работата на училиштето од учебната 2025/26 година , детектирајќи ги клучните потреби и приоритети на кои се заснова оваа програма.

Приоритет за учебната 2026/27 година е:

Зголемено учество на државни и меѓународни натпревари на учениците 2026-2027

Стратешка цел за реализација на овој приоритет е:

Подигнување на свеста кај родителите за поттик на своите деца да настапуваат на јавни настапи.

Самата цел со себе носи задача со активност која е јасно обележана во прегледот на табелите дадени по подрачја со носители, инструменти, временска рамка и критериум за квалитет. Останатите подрачја предвидени во програмата за работа на училиштето се објаснети во кратки и концизни реченици кои ја опишуваат конкретната цел на задачата.во поглед на дисциплината, училишната клима и професионалниот кариерен развој на наставниот кадар и учениците училиштето даде јасен и концизен осврт на дејствијата предвидени за учебната 2026/27 година каде акцентот е ставен на приоритетот. Концизно опишаните подрачја на оваа годишна програма претставени во горенаведените табеларни прикази, се дадени опширно опишани во преглед табелата на последното подрачје од оваа програма „ Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште" каде се поставени сите критериуми за следење и успешност на задачите и активностите со нивни носители, временски рамки на реализација, критериум на успешност и одговорни лица. Со ова подрачје даваме заклучок на начинот на работата на училиштето кое претставува голем амбасадор на градот Велес и државата.

26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

- Татјана Алексова Одделенски наставник
- Илија Настовски Предметен наставник
- Роска Чукниева Предметен наставник
- Игор Андреевски стручен соработник – корепетитор
- Мирјана Пановска родител

27.Користена литература

Во прилог на оваа годишна програма се користени:
-Развоен план на училиштето
-Годишен извештај
-Самоевалуација на училиштето
-Архивски документи на училиштето

04.07.2026 година
Претседател на Училишен Одбор
Мирјана Пановска

м.п.

Директор
Благој Каракачанов

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

-Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.
-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за воннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште
-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
-План за професионална ориентација на учениците
-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

-Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Прилозите на годишната програма за работа на училиштето се наогаат во архивата на училиштето

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште "СТЕФАН ГАЈДОВ"
Бр 02 - 307/5
06 - 07 2026 год.
В Е Л Е С

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник 161/2019, 229/2020,3/2025,074/2025 и 250/2025), Училишниот одбор при Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес одржа состанок на ден 03.07.2026 година на кој ја донесе следната

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

За увојување на Годишната програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2026/2027 година.

Чл.1

На ден.03.07.2026 година Училишниот одбор при Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес го разгледа Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2026/2027 година.

Чл.2

Разгледани се условите за работа во училиштето ,опремата, наставните средства,просторот за работа,бројот на вработени во училиштето, податоци за учениците, материјално-финансиско работење,подрачја на промени, приоритети и цели, план за евалуација на акциските планови, календар за организацијата и работата на училиштето,работа со надарени и талентирани ученици, воннаставни активности, слободни ученички активности,грижа за здравјето, кодекси,професионален развој, соработка со родителите и локалната самоуправа и други институции и сл.

Чл.3

По деталното разгледување на Годишната програма за работата на Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес во учебната 2026/2027 година, членовите на Училишниот одбор едногласно ја донесуваат Одлуката за негово усвојување.

Чл.4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Велес 03.07.2026

Претседател на УО
М. Пановска
Мирјана Пановска